„НИСКОГРАДБА"
Бр. 02-217/4
10.03.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 10.03.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на КЈП Нискоградба Битола

### Член 1

Се усвојува Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на КЈП Нискоградба Битола, со остварен финансиски резултат од работењето:

1. Остварени приходи ---------------------------- 131.732.883,00
2. Остварени расходи ----------------------------- 131.008.580,00
3. Остварена добивка пред оданочување -------- 724.303,00
4. Данок од добивка-------------------------------------- 468.411,00
5. Остварена добивка по оданочување ------------ 255.892,00

### Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Билансот на успехот, Билансот на состојбата и Мислење од Одборот за контрола на материјално-финансиското работење.

Истата се доставува на понатамочно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

### Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница ја разгледа Годишната сметка и финансиските извештаи на КЈП Нискоградба Битола за 2022година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии, сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола

Бр.02-217/4
10.03.2023 година
Битола

Управен одбор
Претседател
Андреј Гинов
А. Гинов

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" со п.о. БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-217/5
10.03.2023 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 10.03.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За распоредување на добивката остварена по Годишната сметка за 2022 година

### Член 1

Добивката остварена во 2022 година во износ од 255.892,00 денари се распоредува на

1. Задолжителни резерви -------------------------------- 2.704,00
2. Акумулирана добивка ------------------------------- 243.097,00

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии, сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола

Бр.02-217/5
10.03.2023 година
Битола

Управен одбор
Претседател
Андреј Гинов

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА со ц.о.

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
Бр. 02-216/4
10.03 2023 год.
БИТОЛА

До
Управниот одбор на
КЈП Нискоградба - Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење за Годишната сметка за 2022 година и финансиските извештаи на КЈП Нискоградба - Битола

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7 , 8 од Деловникот за работа на Одборот на материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба – Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 10.03.2023 година ја разгледа Годишната сметка и финансиските извештаи и го донесе следниот заклучок:

1. Изработените финансиски извештаи и сите други пропратни обрасци кои се составен дел на Годишната сметка за 2022 година изработени се во согласност со законските и подзаконските прописи, колективни договори, сопствени општи акти и усвоените сметководствени политики.
2. Деловната 2022 година , КЈП Нискоградба – Битола ја заврши со добивка по оданочување од 255.892,00 денари .

Согласно горенаведеното Одборот за контрола на материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба – Битола, дава **позитивно мислење** за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година и предлага Управниот одбор на претпријатието во целост да ги усвои истите.

**10.03.2023 година**
**Битола**

**Одбор за контрола на материјално финансиското работење**
1. Александар Петровски
2. Георгина Ружин
3. Мартина Мишевски

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
бр. 02-217/6
10.03.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 10.03.2023 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работењето
на КЈП Нискоградба Битола за 2022 година

1.Се донесува Одлука со која во целост се усвојува Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2022 година.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница ја разгледа Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2022 година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
- Сектор за финансии, сметководство и комерција

Бр.02-217 /6
10.03.2023 година
Битола

Управен одбор
Претседател
Андреј Гинов

А. Гинов

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
Бр. 02-216/5
10.03. 2023 год.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на
КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење-
За Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2022 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 10.03.2023 година го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2022 година и дава **Позитивно мислење** за истиот.

Најпрво беше разгледана приходната страна каде беше констатирано дека во 2022 година остварени се вкупно 131,7 милиони денари . Со најголем процент во вкупните приходи учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 53 % или во бројки по овој основ остварени се вкупно 69,8 милиони денари. Приходи од услуги кон правни и физички лица остварени се 57,9 милиони денари, приходи од употреба на сопствени производи 2 милиони и останати приходи 2 милиони денари.

Наспроти остварените приходи на страната на расходите се бележи намалување од 6 % споредено со минатата година и истите изнесуваат 131 милиони денари. Со најголем процент во вкупните трошоци влегуваат трошоците за плати, останати трошоци и надоместоци на вработените, суровини и материјали, трошоци за електрична енергија и гориво, производни услуги и амортизација, Останатите расходи се во рамките на редовното работење.

Севкупно споредени приходите и расходите може да се заклучи дека остварена е добивка по оданочување од 255.892,00 денари.

Согласно горенаведеното Надзорниот одбор позитивно го отцени Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба – Битола за 2022 година и дава предлог до Управниот одбор за донесување одлука за негово усвојување.

**10.03.2023 година**

**Одбор за контрола на материјално финансиското работење**

1. Александар Петровски
2. Георгина Ружин
3. Мартина Мишевски

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" БИТОЛА, со ц.о.